Врз основа на член 36 став 1 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ Бр.42/20 и 294/21), министерката за образование и наука донесе,

**ПРАВИЛА ЗА ПРИСТАП ДО СЕРВЕР САЛАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Овие Правила имаат за цел да го дефинираат начинот на пристап до сервер салата на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: МОН), како и начинот на евиденција на реализираните пристапи до истата.

1.Сервер сала

Сервер салата на МОН е сместена во посебно наменета заклучена просторија во седиштето на МОН на ул.Кирил и Методиј бр.54 – Центар, Скопје.

Просторијата е со обезбедени посебни услови за климатизација на воздухот, детектори за откривање на пожар и заштита од поплава.

По исклучок, серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци, можат да бидат физички лоцирани, хостирани и администрирани надвор од просториите на контролорот.

Меѓусебните права и обврски на МОН и правното, односно физичкото лице кај кое се физички лоцирани, хостирани и администрирани серверите, се уредуваат со договор во писмена форма, кој задолжително содржи мерки за безбедност на личните податоци согласно прописите за заштата на личните податоци.

2.Пристап

Пристап до сервер салата на МОН им е овозможен на следните лица:

1.Неограничен пристап е дозволен само на овластено лице за пристап или на администраторот на информацискиот систем кој е вработен во Министерството за обрзование и наука.

2.На вработените/ангажираните лица во Министерството им се забранува пристап до сервер салата.

3.На надворешни лица по потреба им се овозможува пристап до сервер салата само со дозвола и присуство на овластено лице или администратор на информацискиот систем и тоа во случај на: сервисирање на серверската опрема што се наоѓа во сервер салата (сервери,storage, UPS, и друга мрежна опрема) или на клима уредите поставени во сервер салата, инсталација на нова серверска опрема во сервер салата, стандардно одржување (тестирање) на серверската опрема, како и пристап на овластени лица при вршење на различни типови на инспекциски надзор во МОН.

3.Евиденција на пристап

Евиденцијата на пристап во сервер салата се води во хартиена форма, со пополнување на образецот ,,Образец ОПСС – Пристап во сервер сала кој е составен дел на овие Правила.

Образецот е поставен на влезот (на вратата) на сервер салата и секој кој пристапува во сервер салата треба да се евидентира соодветно.

По пристапот во сервер салата, таа се заклучува.

4.Одговорност

Непостапувањето и непридржувањето на вработените/ангажираните лица во МОН во согласност со овие Правила претставува основ за изрекување на мерки за дисциплинска одговорност согласно законските прописи.

5.Објава

Овие Правила влегуваат во сила со донесувањето и истите се објавуваат на ВЕБ страницата на МОН.

Бр. 18-5664/1
11 април 2025 година
Скопје

**Министерка за образование и наука**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

Образец ОПСС – Пристап до сервер сала

Образец

За евиденција на пристап во сервер салата на Министерството за образование и наука

| Реден Број | Датум на пристап | Време на пристап (од – до) | Име и презиме на лицето коие пристапило | Потпис | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |